# Моето дете мора да се инхалира

# Како да се постапи?







Оваа брошура е создадена со интердисциплинарна соработка на:

Dr Pia Werfeli
PD Dr Urs Frey
Педијатриска пулмологија
Физиотерапија

Универзитетска клиника за детски болести Inselspital Bern
Превод: Д-р. Марина Панова, Скопје

# Зошто да се инхалира?




Причинители на заболувањето (на пр. астма) може да бидат вирусни инфекции (настинка), како и алергените (полен, животински влакна, микрокрлежи од домашната прашина итн.).



## Болест = дишните патишта се тесни, воспалени и исполнети со слуз





## Лекови кои ги шират дишните патишта

Вашиот лек содржи, меѓу останатото, една од следниве супстанции: Салбутамол, Тербуталин, Салметерол, Формотерол.



## Лекови кои спречуваат воспаление

Вашиот лек содржи, меѓу останатото, една од следниве супстанции: Флутиказон, Будезонид, Беклометазон. Тие го спречуваат воспалението.



## Здравје = широки дишни патишта без воспаление



Лекарот ќе одлучи дали на вашето дете му е потребна инхалација на двете супстанции, или е доволна само инхалација на лекови кои ги шират дишните патишта.

# Влажна инхалација



На пр. со Pari-Boy или со Pari- Master-компресор и LC/Plus/ Stat небулизатор. Може да се користи во секоја возрасна група.

## Со маска, за секоја возраст




- Лековите се припремаат според упатство од лекарот (најчесто 2мл раствор плус капки)




- Садот со растворот се држи вертикално
- Главата и телото се држат исправено
- Очите треба да се надвор од маската
- Маската треба во целост да се прилепи за лицето
- Мирно се дише додека не се потроши целиот раствор (околу 10 минути)




- Лицето се мие за да се избегнат сите несакани влијанија (црвенило на кожата, бели наслаги од габички)

5

# Никогаш...



...не го држете растворот за инхалација навален



...не ја држете главата навалена. Дишните патишта мора да бидат слободни!

4



- После инхалацијата: дадете му на детето да пие или јаде (за да се измие устата и со тоа се избегнат локалните несакани влијанија)

## Со продолжетокот за уста, после 3.-4. година

1



- Лековите се припремаат според упатство од лекарот (обично 2 мл раствор плус капки)

2



- Садот со растворот држете го исправено
- Главата и телото држете ги исправено
- Мирно дишете додека се потроши целиот раствор (околу 10 минути)

3



- После инхалацијата: дадете му на детето да јаде или да пие (за да се измие устата и со тоа се избегнат локалните несакани влијанија)

# Инхалација на спреј







За доенчиња и мали деца
На пр. Дозирачки аеросол и Бебихалер или Небунет.

За деца по 3. - 4. години
На пр. Дозирачки аеросол и Волуматикс или Небухалер или со Физонер




- Отстранете ја заштитната капа
- Добро протресете го дозирачкиот-аеросол




- Вметнете го дозирачкиот-аеросол во отворот на комората за инхалација (делот за устата кон доле)

Ако мора да се инхалираат повеќе дози, меѓу секоја доза треба 5-10 пати да вдишете и издишете.




- Отстранете ја заштитната капа
- Добро протресете го дозирачкиот-аеросол




- Монтирајте го помошниот дел за инхалација
(отворите мора да одговараат еден со друг)

# Никогаш...



...не ја држете комората за инхалација навалена



...не ја држете устата полуотворена



...не го инхалирајте спрејот директно во устата




- Маската во целост залепете ја на устата
- Очите нека бидат надвор од маската
- 1x притиснете го дозирачкиот - аеросол, држејќи го исправено




- 5-10x вдишете и издишете, држејќи ја комората за инхалација хоризонтално (при тоа вентилот треба лесно да се поместува)
- По инхалацијата измијте го лицето на детето и дадете му нешто за пиење (погледни на страна 5)




- Дозирачкиот аеросол ставете го во отворот на комората за инхалација (делот за устата кон доле)




- Притиснете ги усните на делот за устата од комората за инхалирање. Забите нека прилегнат на делот за устата (и потоа усните се затвораат)
- 1x притиснете го дозирачкиот - аеросол, држејќи го исправено




- 5-10x вдишете и издишете, држејќи ја комората за инхалација хоризонтално
- Вентилот при дишење треба лесно да се поместува и да биде гласен
- Напијте се нешто или измијте ја устата (погледни на страна 5)

# Инхалација на прашок



На пр. Дискус од рана школска возраст
Турбухалер од школска возраст

## Припрема

На пр. со Дискус













- Да се издише покрај инхалаторот на прашок

- Брзо и длабоко да се вдише прашокот од инхалаторот (не низ нос!)
- Усните да бидат во потполност прилепени кон делот за уста






# Никогаш...



...не издишувајте во самиот инхалатор со прашок



...не дозволувајте инхалаторот да стапи во контакт со вода







- Задржете го воздухот 5-10 секунди

- Полека издишете (но не во инхалаторот со прашок)
- Исплакнете ја устата или напијте се нешто (види страна 5)







## Затварање

На пр. со Дискус



Кога немате намера да го употребите апаратот за инхалација на прашок, затворете го.

# Чистење на апаратот за инхалација

Општи правила
- Рацете секогаш да се добро измиени
- Еден апарат да се користи само за едно дет
- Апаратите за инхалација редовно да се мен (според упатство од лекарот при контрола апаратот)
- После секоја употреба да се внимава апара добро да се исуши

## Апарати за влажна инхалација

- После секоја употреба да се исчистат со сапуница и да се исушат со сува крпа, или да се мијат во машина за садови (без сините делови!) и потоа да се покријат со чиста крпа.
- Покрај веќе наведеното, најмалку еднаш неделно да се дезинфицираат составните делови во врела вода со малку оцет (без сините вентили!)





е
уваат
на

тот

## Комората за инхалација кај инхалација на спрејот





- 1x неделно да се исчистат темелно со средство за чистење, без да се испираат со вода,без сушење, туку само да се остават сами да се сушат на сува крпа

## Апарат за инхалација на прашок

Апаратот за инхалација на прашок се брише со сува крпа. Да се избегнува допир со вода!



Правилното чистење е многу важно за да се спречат штетните делувања на бактериите од околината и да се оневозможи нивното пренесување на дишните патишта.

# Правилно однесување во случај на акутен недостаток на воздух кај вашето дете

## 1. Заземете  положба со која дишењето се олеснува

На овие слики се прикажани неколку можности









## 2. Инхалирајте лекови кои ги шират дишните патишта

Обележани се сина боја, во вид на спреј или со небулизатор (прашокот е потешко да се инхалира во случај на акутен напад) 2 - 4 пати поголеми количини од вообичаените количини за инхалација!



## 3. Да се повика помош од лекар што побрзо и да се преиспита дадената терапија



После секое влошување на дишењето, заедно со лекарот треба повторно да се провери инхалационата терапија.

# Останати многу важни мерки за помош на вашето дете

Не смее да се пуши во близина на вашето дете



# Несакани делувања

Несаканите делувања обично се ретки, но можат да се појават при примена на многу големи дози од лекот

## Лекови кои ги шират дишните патишта

- вознемиреност
- забрзан пулс
- треперење

## Лекови кои спречуваат воспаление (кортизон)

- црвенило на кожа
- белузлави наслаги во устата предизвикани од габички
- минливо пореметување на растот
- промуклост

Поголемиот дел од пациентите може да бидат излекувани со помали дози без несакани делувања.
Вашиот доктор ќе ја одреди вистинската доза за вашето дете.
Несаканите појави на кожата и во устата можат да бидат спречени со придржување кон мерките за претпазливост (види на страна 5). Ако настанат истите, обратете се кај вашиот доктор.

# Општи совети кои ќе ја олеснат инхалацијата кај вашето дете

Кај малите деца може да се изведе инхалација преку маска и додека тие длабоко спијат.

Кај долготрајните  влажни инхалации препорачливо е да се разгледуваат сликовници, да му се пее на детето, да се гледа телевизија, и на тој начин да му се одврати вниманието на детето од инхалацијата.

Обидете се секогаш да ја вршите инхалација според иста шема (на пр. секогаш пред оброк, секогаш во иста просторија, итн).



## На следнава адреса може да побарате помош:

Институт за респираторни заболувања кај децата-Козле
Козле бб, 1000 Скопје
Тел. 02 3085 761; 02 3085 764

# Вашите лекови за терапија

| | наутро | напладне | навечер |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

Инхалирајте како што е опишано на страна

## Во случај на акутен недостаток на воздух

GlaxoSmithKline

**GlaxoSmithKline AG**
Talstrasse 3–5
CH-3053 Münchenbuchsee
Tel. +41 (0)31 862 21 11
Fax +41 (0)31 862 22 00

Mazedonisch